# БОНТОН НА ДАЛЕЧИНСКО УЧИЛИШТЕ

# ООУ „Ј.Х.Песталоци“



Размисли пред да објавиш лични податоци и фотографии. И твоите и туѓите! Многу лесно личното може да стане јавно!



Имаш уникатно име! Не претставувај се со туѓо!



Твојата лозинка и кодот за влез во училница се наменети само за тебе! Не ги споделувај со друг!



Дозволи им на родителите да ја следат твојата работа, но не и да работат наместо тебе.



Пред да споделиш нешто постави си ги следниве три прашања: - Дали информацијата која ја испраќам е добра, вистинита и корисна?



Пишувањето со големи букви значи викање. НЕ ВИКАЈ *online*!



На *chat* нема пцовки, вреѓање, понижување, омаловажување или уцена. Не се расправај со оние кои исмеваат, напаѓаат и озборуваат. Не реагирај на провокации! Тоа е најдобрата реакција.



Доколку се чувствуваш вознемирено од некоја *online* комуникација, обрати се на возрасен кому му веруваш.



Видео час е замена за часот во школо. Биди пристоен!



И кога учиме на далечина ние сме заедно. Ако не те гледам во очи, не значи дека не те „гледам“! Правилата се исти секаде! Некултурно однесување не е дозволено.



Кога си *online* на час биди *offline* за муабет на другите социјални мрежи!



Часот со пренос во живо трае кратко. Истиот ќе биде ефективен ако бидеш трпелив додека чекаш вклучување, го исклучиш микрофонот, слушаш внимателно и не ја користиш алатката за комуникација за одвелкување на вниманието на другите.

Почитувај го времето кое ти е зададено за секоја задача. Биди навреме – спаси се од невреме! ☺

